09-4479/1
05-11-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54 - та седница, прво продолжение одржана на 02.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 09-2036/1 од 26.05.2020 година, оформен по доставена пријава за лицето --------, поранешен министер на Министерството -----------, **СЕ ЗАПИРА.**

По проверка и анализа на наводите, ДКСК утврди дека наводите не се потврдуваат поради што нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## **Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 26.05.2021 година, поднесена е пријава за спроведена јавна набавка за поправка и сервисирање на возила во сопственост на Министерството за -----------, во време кога министер бил ----------, а негов шеф на кабинет бил --------------- за што е оформен е предмет број 09-2036/1 од 26.05.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека јавната набавка е спроведена на ден 07.04.2020 година, по што е склучен договор со: „Коп Компани“ ДООЕЛ Скопје, „Цилаз Лазе“ ДООЕЛ Скопје и „Аутомакедонија“ АД Скопје. Исто така, пријавителот наведува дека во време кога лицето ------------- бил директор на --------------, а лицето ---------- бил директор за финансиско и материјално работење, возилата од оваа институција биле сервисирани од страна на наведените трговски друштва.

Во пријавата има наводи и за тоа дека, --------- и ---------- го вработиле лицето ------------ во ----------, блиско лице на сопственикот на фирмата „Цилаз Лазе“ ДООЕЛ Скопје.

Заради проверка на наводите изнесени во пријавата и утврдување на фактичката состојба, ДКСК направи увид во Електронскиот систем за јавни набавки, поточно во Огласот за јавна набавка со бр. 14378/2019, објавен од страна на ---------- **со** предмет на договор -

Поправка и сервисирање на возила во сопственост на --------, по што утврди дека **договорите с**е **доделени** преку рамковна спогодба **не со три фирми, туку со пет.**

Имено, рамковната спогодба за доделување на поединечни договори за јавна набавка е склучена на ден 07.04.2020 година **не само со** „Коп Компани“ ДООЕЛ Скопје, „Цилаз Лазе“ ДООЕЛ Скопје, „Аутомакедонија“ АД Скопје, **туку и со фирмите** „Авто Дамбо“ ДООЕЛ Скопје и „Микеи Интернационал“ Скопје **во зависност од видот на возила.**

Во однос на вработувањето на лицето ---------, ДКСК нема надлежност да постапува и прибира податоци, затоа што **истиот не е** блиско лице **со лицата наведени во пријавата** согласно член 8 став 4 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдени и нема елементи за натамошно постапување поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК,
Изготвил: К.З., раководител
Одобрил: К.Н., член на ДКСК